ФЕДЕРАЦИЈА НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА МАКЕДОНИЈА

ПРЕПОРАКИ И ПРЕДЛОЗИ СО АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СИСТЕМСКО ЗАЈАКНУВАЊЕ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА УЧЕСТВО НА МЛАДИТЕ ВО УЧИЛИШНИОТ СПОРТ

Сериозната иницијатива на државата за подршка на спортскиот систем отвора вистинска перспектива за развој на спортот. Овие препораки и предлози со акциски план се во функција на зајакнување на организацискиот модел и зголемување на учеството на младите во училишниот спорт, со кој веруваме дека ќе се постигнат поефикасни резултати во развојот на масовниот и квалитетниот училишен спорт, како и на целокупниот спорт во нашата држава.

Имајќи ги предвид стратешкото значење на училишниот спорт за развој на целокупниот спорт, неговиот придонес за антрополошкиот развој на младата генерација и неговата позитивна улога во борбата против пороците, неопходно е да се посвети поголемо внимание на перспективите на училишниот спорт. Основните предуслови за успешно функционирање на училишниот спорт се стручниот кадар, спортските објекти во училиштата, интересот на учениците за спортување и, се разбира, организирањето на воннаставни активности.

Организирањето на училишниот спорт започнува со стручните активи на наставниците по физичко и здравствено образование во основните, односно со професорите по спорт и спортски активности во средните училишта, кои во суштина претставуваат училишни спортски друштва (клубови). Потоа, училишните спортски друштва (клубови) заради вклучување во системот на натпревари надвор од училиштето се здружени во општински – градски (регионални) организации за училишен спорт, кои се членки во **Федерацијата на училишен спорт на Македонија.**

Ваквиот начин на организирање го овозможува **класичниот систем на натпревари** почнувајќи со меѓуодделенски, преку општински, зонски, меѓузонски (регионални) и завршувајќи со државни првенства и училишни државни игри, кои во непарните години се одржуваат за основните училишта, наречени ***државни спортски игри (мали олимписки игри)***, а во парните години за средните училишта, наречени ***гимназијади***. На крај од вертикалното организирање се одржуваат меѓународни локални (регионални), европски, светски првенства и гимназијади. Овој класичен систем на натпревари подразбира примарно квалитет, каде до израз доаѓаат најталентираните ученици кои во најголем број се вклучуваат во клубскиот спорт од националните спортски федерации.

ПРЕПОРАКИ

За помасовно ангажирање на учениците во спортските активности во рамките на училиштето и општината, од страна на ***Министерството за образование и наука, Агенцијата за млади и спорт и Федерацијата на училишен спорт на Македонија*** се покренува иницијатива со препораки за проширување на постоечкиот организациски модел во согласност со актуелниот процес на децентрализација, кој е поволен за зајакнување и проширување на општинскиот училишен спорт. Имено, покрај квалитетниот училишен спорт, кој традиционално повеќе од половина век успешно функционира, се отвора

перспектива за масовниот училишен спорт организиран од училишните спортски клубови и општинските сојузи, односно здруженија за училишен спорт.

Масовниот училишен спорт перспективно може да се развива во два сегменти. Првиот е со отворање ***спортски школи***, а вториот е ***забавен училишен спорт***.

Спортските школи се наменети за учениците кои се заинтересирани за одредена спортска дисциплина и подразбира нивно вклучување во училишниот и општинскиот систем на натпревари во пет категории посебно за двата пола. Првата категорија е за учениците од четврто и петто одделение, втората за шесто и седмо, третата за осмо и деветто одделение во основните училишта, а четвртата за прва и втора и петтата категорија за трета и четврта година во средните училишта. Спортските школи во училиштата поткрепени со овој систем на натпревари претставуваат вистински темел за квалитетниот училишен спорт, каде понатака најдобрите ученици во дадениот спорт ги бранат боите на своето училиште во клисичниот систем на натпревари до највисоко ниво.

Перспективата на подсистемот спортски школи организиран од училишните спортски клубови е голема, што се потврдува со позитивните искуства во повеќе училишта и општини каде директорите и градоначалниците го подржуваат овој концепт. Имајќи ги предвид сите предуслови за организирање на спортски школи, без поголеми потешкотии, земајќи го предвид и принципот на самофинансирање, може да се активираат повеќе вработени и невработени стручни лица и голем број ученици.

Вториот сегмент во масовниот училишен спорт наречен **забавен училишен спорт** се однесува за учениците од одделенска настава од прво до петто одделение од основното образование. Овај забавен концепт подразбира активности со сите ученици од одделенска настава каде играта има доминантно место во програмата проткаена со основна спортска техника од разни дисциплини. Имајќи ги предвид досегашните искуства во оваа сфера, постојните просторни услови со кадровскиот потенцијал во училиштата, како и големиот интерес на учениците за спортување, интересот на родителите за спортување на нивните деца и големиот број на невработени професори по физичка култура, реално може да се очекува ангажирање на поголем број стручни лица и масовно вклучување на учениците од одделенска настава во спорт.

Редовната настава по предметот физичко и здравствено образование за учениците од прво до петто одделение се реализира со фонд од три часа неделно. Заради потешкотиите за организирање на оваа настава од учебната 2019/20 година се ангажира стручно лице со факултет за физичка култура, со што се овозможува поуспешна реализација на наставната програма и **програмата на училишниот спортски клуб, формиран согласно Законот за основно образование.**

Имајќи го предвид искуството на Федерацијата на училишен спорт на Македонија и непосредната подршка од Министерството за образование и наука заедно со Агенцијата за млади и спорт, а особено од општините, односно единиците на локална самоуправа и училиштата, ***веруваме дека примената на препораките за овој проширен организациски модел видно ќе го зголемат процентот на учениците ангажирани во спорт***, што претставува заеднички интерес и на спортот и на образованието, а со тоа и на целото општество.

ПРЕДЛОЗИ

1. Еден од примарните приоритети во наредните години е **формирање на училишни спортски клубови** и општински сојузи за училишен спорт, како правни лица, преку кои на легален начин ќе се отвораат спортски школи во кои ќе се ангажираат и невработени стручни лица од областа на спортот.

2. За таа цел неопходна е поинтензивна соработка со локалната власт и раководството на училиштето, со што ќе се овозможи и поголем развој на општинскиот систем на натпревари во повеќе возрасни категории и повеќе спортови. За остварување на тоа предложени се **одговорни лица (координатори) за развој на општински училишен спорт** во сите општини, односно региони, кои треба да се поддржат и од централната и од локалната власт преку Федерацијата на училшен спорт на Македонија. Исто така, потребно е **вработување на неколку стручни лица** во Федерацијата.

3. Отпочнување на помасовно **организирање на спортски активности со учениците од одделенска настава** преку сегментот забавен училишен спорт, каде може да се очекува активирање на поголем број невработени стручни кадри од физичкото образование и спортот.

4. Да се изготви **правилник** за користење на спортските објекти по завршување на наставата од страна на Министерството за образование и наука со кој ќе се обезбеди **приоритет во користењето на спортските објекти за потребите на училишните спортски клубови и општинските сојузи кои се членки во Федерацијата на училишен спорт на Македонија**, вклучувајќи ги и тренинзите и натпреварите.

5. **Пријавување на поголем број на спортски екипи за натпревари на општинско ниво од сите основни и средни училишта, односно со минимум два спорта и обезбедување финансиски средства во сите училишта за учество и наградување на наставниците и професорите, како и одговорните лица за училишен спорт.**

6. Постепено **трансформирање на системот на натпревари во општинско-меѓуопштински, зонски, регионални и државни спортски лиги**. Исто така, системот на натпревари да се збогати со повеќе возрасни категории усогласени со Меѓународната федерација на училишен спорт (ИСФ), така што, **минимум со една екипа, Македонаја да учествува на светските првенства и гимназијади.** За спортовите каде има помала масовност во младинските категории (**гимнастика, атлетика, пинг-понг, скијање** и други) **да се организира заеднички систем на натпревари** во соработка со соодветните национални спортски федерации

7. Вклучување на ученици со **телесен инвалидитет и пречки во развој, односно посебни потреби** во систем на натпревари со прилагодена програма.

8. Континуирана едукација во училишниот спорт и **воведување на лиценци**.

9. Базичните и традиционалните спортови и активности кои тешко се одржуваат со самофинансирање (**атлетика, гимнастика, борење, бокс, кајак, пинг-понг, шах, скијање, пливање, планинарење со логорување** и други) да се подржат со **субвенции од државата** од централната и локалната власт преку проекти на Федерацијата на училишен спорт на Македонија.

10. **Продолжување на градење нови спортски објекти во образовниот систем** и реновирање на постоечките со обезбедување на спортска опрема во основните и средните училишта.

11. **Отворање на повеќе паралелки со програми на спортската академија** во поголемите градови, каде ќе се прифаќаат спортските таленти.

12. **Да се овозможи вработување на наставници по физичко и здравствено образование во одделенска настава во основните училишта.**

13. Создавање на **информациски систем за следење на физичкиот развој, моторичките и функционалните способности на учениците** и подигнување на свеста за **превентивна здравствена контрола** на сите ученици вклучени во училишните спортски клубови**.**

14. **Вработување на тренери во училиштата.**

АКЦИСКИ ПЛАН

Имајќи ги предвид препораките и клучните предлози за развој на училишниот спорт, како и сопствените и меѓународните искуства во овој стратешки сегмент за развој на целокупниот спортски систем, во наредните неколку години, особено внимание треба да се посвети на организацискиот модел. Имено, досегашното организирање во училишниот спорт примарно беше посветено на класичниот систем на натпревари, каде во **последните неколку години учеството на младите изнесуваше околу 20%**, од основните и средните училишта во Република Македонија. Во поразвиените земји од Европската унија просечната застапеност на учениците во училишнот спорт е од 30% до 40%, а со цел во блиска иднина да се достигне над 50%. Во земјите од поблиското опкружување состојбата во масовноста е слична со нашата земја, а некаде и значително помала.

Мерки, активности и проекти за 2020 година

1. Министерството за образование и наука со Бирото за развој на образованието да донесе **регулатива за задолжување на сите основни и средни училишта да учествуваат со минимум два спорта на општинските натпревари каде секој вработен наставник по физичко и здравствено образование ќе учествува со минимум една спортска категорија**. Со оваа мерка се очекува зголемување на учеството на ученици во училишниот спорт,

односно повеќе од 30%. До јуни да се заврши постапката и да започне да се применува од учебната 2020/21 година.

2. Министерството за образование и наука да **обезбеди наменски финансиски средства за училишен спорт за сите училишни спортски клубови од основните и средните училишта** во просек од 40.000 денари наменети за организирање на меѓуодделенски, односно меѓукласни натпревари на училишно ниво и за учество и наградување на наставниците за општинските натпревари. До јуни да заврши постапката и да започне да се применува од учебната 2020/21 година. Вкупна годишна сума околу 8 милиони денари.

3. Министерството за образование и наука да **назначи одговорно лице** за училишен спорт и подготви **правилник** за користење на училишните спортски објекти по завршување на наставата, со кој ќе се обезбеди приоритет во користењето од страна на училишните спортски клубови и општинските сојузи, членки на Федерацијата на училишен спорт на Македонија, вклучувајќи ги и тренинзите и натпреварите. До јуни да се донесе правилникот и започне да важи од учебната 2020/21 година.

4. **Финансиско зајакнување на регионалните сојузи на училишен спорт** од страна на Федерацијата на училишен спорт и локалните самоуправи. На почетокот од 2020 година да се достават барања за финансиска подршка на општинско-меѓуопштинските, зонските и регионалните лиги до сите општини со унифицирани програми, согласно системот на натпревари дефиниран од ФУСМ.

5. Да се организираат заеднички средби на Агенцијата за млади и спорт и Федерацијата на училишен спорт со Министерството за образование за подршка на програми во училишните спортски кубови за спречување и корекција на телесни деформитети, базични и традиционални спортови, **особено за програмите од забавен училишен спорт со ученици од одделенска настава.** Подршката на програмите во училишните спортски клубови од локалната и централната власт да биде во согласност со следните критериуми: **во клубот да се активира по можност невработено стручно лице , да има спортски школи во најмалку три спортови и да има околу 1/3 активни членови од вкупниот број ученици во училиштето, примарно во основното образование.**

6. Интензивирање на соработката со медиумите, а особено со **Македонска телевизија како медиумски покровител** на огромниот број натпревари на сите нивоа (општински, зонски, регионални, државни и меѓународни) во училишниот спорт. Да се направи заедничка координација со Агенцијата за млади и спорт, Министерството за образование и наука, Федерацијата на училишен спорт на Македонија и Македонска телевизија до јуни 2020 година. **ФУСМ да организира пренос на позначајни и финални натпревари во живо преку интернет, вклучувајќи ги социјалните мрежи.**

7. **Владата на Република Македонија со соодветна правна регулатива да овозможи од општините финансиска поддршка за реализација на програмите на општинските сојузи на училишен спорт и**

училишните спортски клубови. Општинските буџети за спорт да се дефинираат со процент, од кој ¼ за училишен спорт.
На ниво на централна власт финансиското зајакнување на спортскиот систем во делот на училишниот спорт да овозможи: од договорите за откуп на право за телевизиски пренос на спортски натпревари, да се издвојат минимум 5% за училишен спорт, од договорите со врвни спортисти за ангажирање во клубовите, минимум 5% и од акцизни стоки со одреден процент за спорт.

8. Федерацијата на училишен спорт на Македонија во програмата за организација и реализација на општинскиот систем на натпревари, на зонскиот, регионалниот, државниот и меѓународниот систем на натпревари вклучувајќи го работењето на канцелариите на Федерацијата и професионално вработените и повремено ангажирани лица, планира средства од 15.000.000 денари. **Класичниот систем на натпревари за основните и средните училишта во машка и женска конкуренција се реализира во атлетика, пинг понг, шах, стрелаштво, карате, џудо, борење, пливање, гимнастика, скијање, тенис, футсал, одбојка, кошарка, ракомет, фудбал и други спортови**, вклучувајќи ги училишните спортски лиги за категориите 6-7 одделение, 8-9 одделение за основните и 1-4 година за средните училишта во машка и женска конкуренција. Во системот се вклучени и учениците со телесен инвалидитет и со посебни образовни потреби.

9. Владиниот проект **„Училишни спортски кампови со познати спортски имиња“** организиран од Министерството за образование и наука, Агенција за млади и спорт и Федерација на училишен спорт на Македонија успешно се реализира изминатите 10 години. Планирани се средства од 2.000.000 денари (јуни).

10. Владиниот проект „**Училишни првенства во голем фудбал“** повеќе години успешно функционира во делот на системот на натпревари во Федерацијата на училишен спорт на Македонија. Вториот дел од проектот заради ограничени финансиски средства не се реализираше, а се однесува за отворање фудбалски школи на новоизградените игралишта во рамките на училишните спортски клубови. За реализација на овој проект извршени се подготовки за започнување на 30 фудбалски школи. Потребни средства 2.500.000 денари (јануари-декември). Со реализација на овој проект се очекува да бидат опфатени околу 1500 ученици.

11. Проектот **„Забавен училишен спорт“** се однесува на учениците од одделенска настава со цел да се опфати и овој сегмент на образованието со дополнителна спортска активност. Во него може да се вклучат и невработени стручни кадри, за почеток околу 50 школи и околу 2500 ученици во рамките на училишните спортски клубови. Финансирањето да се подржи со дел од Федерацијата на училишен спорт на Македонија (1.500.000 денари), со дел од општините, другите национални федерации по **примерот на Фудбалската федерација за проектот – Фудбал во училишта** и со дел од самофинансирање (јануари-декември). Во рамките на овој проект **да се изготви Прирачник за избор на вежби и игри со прилог на видео материјали за потребите на**

училишните спортски клубови и одделенската тандем настава во основните училишта.

12. **Базичните и традиционалните спортови** кои тешко се оддржуваат со самофинансирање (**атлетика, гимнаститка, борење, бокс, кајак, пинг-понг, шах** и други) може да се развиваат преку училишните спортски клубови со **субвенции од државата**. За почеток, може да се организираат по 5 спортски школи за наведените спортови, односно вкупно 30, со околу 1500 нови, млади спортисти. Планирани средства 2.000.000 денари, **вклучивајќи ги и средствата планирани за училишните спортски клубови** (февруари – јуни 2020 и септември-август 2020/21). Организатор на проектот е Федерацијата на училишен спорт на Македонија во соработка со националните спортски федерации за посочените спортови.

13. **Тенис, кошарка, ракомет, одбојка, футсал** и други спортови кои се вклучени во натпреварите на училишниот спорт, во рамките на училишните спортски клубови може да се организираат по **принцип на самофинансирање**. Планирани се 30 спортски школи со околу 1500 нови, млади спортисти.

14. **Да се организира меѓународна конференција во Македонија под покровителство на Меѓународната федерација на училишен спорт.** Да се обезбеди финансиска подршка на спортски екипи за меѓународни првенства до 50 % од ФУСМ. **Да се подржат проектите за мултидисциплинарно научно истражување во училишниот спорт со посебен акцент на проекти за борба против девијантно однесување.** Да се одржи семинар за стручно усовршување и менаџмент во училишниот спорт во втора половина на месец август. **Да се подржи организирање на младински спортски игри во летниот период со посебна медиумска презентација во нашата држава и учество на меѓународно регионално ниво.** Планирани средства 2.000.000 денари.

15. **Да се вработи едно стручно лице** во Федерацијата на училишен спорт на Македонија, одговорно за маркетинг, меѓународна соработка и дел од проектите. Потребни се средства од 360.000 денари.

16. Да се формира **мониторинг група** со претставници од Владата, Агенцијата за млади и спорт, Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и Федерацијата на училишен спорт на Македонија (јуни).

Со реализација на предвидените проекти за оваа година, се очекува ангажирање на околу 100 невработени стручни лица и активирање на околу 5 илјади нови, млади спортисти. Земајќи ги предвид и учениците кои учествуваат во класичниот систем на натпревари, вкупната бројка на активни ученици во проширениот организациски модел се очекува да достигне околу 60000.

Проекти за 2021 година

1. Министерството за образование и наука да **обезбеди наменски финансиски средства за училишен спорт за сите училишни спортски клубови од основните и средните училишта** во просек од 40.000 денари наменети за организирање на меѓуодделенски, односно меѓукласни натпревари на училишно ниво и за учество и наградување на наставниците за општинските натпревари. До јуни да заврши постапката и да започне да се применува од учебната 2020/21 година. Вкупна годишна сума за 2021 година околу 16 милиони денари.

2. Федерацијата на училишен спорт на Македонија во програмата за организација и реализација на општинскиот систем на натпревари, на зонскиот, регионалниот, државниот и меѓународниот систем на натпревари вклучувајќи го работењето на канцелариите на Федерацијата и професионално вработените и повремено ангажирани лица, планира средства од 15.000.000 денари. **Класичниот систем на натпревари за основните и средните училишта во машка и женска конкуренција се реализира во атлетика, пинг понг, шах, стрелаштво, карате, џудо, борење, пливање, гимнастика, скијање, тенис, футсал, одбојка, кошарка, ракомет, фудбал и други спортови**, вклучувајќи ги училишните спортски лиги за категориите 6-7 одделение, 8-9 одделение за основните и 1-4 година за средните училишта во машка и женска конкуренција. Во системот се вклучени и учениците со телесен инвалидитет и со посебни образовни потреби.

3. Владиниот проект **„Училишни спортски кампови со познати спортски имиња“** организиран од Министерството за образование и наука, Агенција за млади и спорт и Федерација на училишен спорт на Македонија успешно се реализира изминатите десетина години. Планирани се средства од 2.000.000 денари (јуни).

4. Владиниот проект **„Училишни првенства во голем фудбал“** повеќе години успешно функционира во делот на системот на натпревари во Федерацијата на училишен спорт на Македонија. Вториот дел од проектот заради ограничени финансиски средства не се реализираше, а се однесува за отворање фудбалски школи на новоизградените игралишта во рамките на училишните спортски клубови. За реализација на овој проект извршени се подготовки за започнување на 50 фудбалски школи. Потребни средства 4 милиони денари (јануари-демекври). Со реализација на овој проект се очекува да бидат опфатени околу 2500 ученици.

5. Проектот **„Забавен училишен спорт“** се однесува на учениците од одделенска настава со цел да се опфати и овој сегмент на образованието со дополнителна спортска активност. Во него може да се вклучат и невработени стручни кадри во стотина школи за забавен училишен спорт со околу 5000 ученици млсди спортисти во рамките на училишните спортски клубови. За овој сегмент од основното образование се планира нов систем на натпревари. Финансирањето да се подржи со дел од Федерацијата на училишен спорт на

Македонија (2.500.000 денари), со дел од општините, другите национални федерации по **примерот на Фудбалската федерација за проектот – Фудбал во училишта** и со дел од самофинансирање (јануари-декември). Во рамките на овој проект **да се изготви Прирачник за избор на вежби и игри со прилог на видео материјали за потребите на училишните спортски клубови** и одделенската тандем настава во основните училишта.

6. **Базичните и традиционалните спортови** кои тешко се оддржуваат со самофинансирање (**атлетика, гимнастика, борење, бокс, кајак, пинг понг, шах** и други) и се во стагнација, може да се развиваат преку училишните спортски клубови со **субвенции од државата**. Да се организираат зголемен број спортски школи за наведените спортови, односно вкупно 50, со околу 2500 нови, млади спортисти. Планирани средства 4 милиони денари, **вклучивајќи ги и средствата планирани за училишните спортски клубови** (септември-август 2021/22). Организатор на проектот е Федерацијата на училишен спорт на Македонија во соработна со националните спортски федерации за посочените спортови.

7. **Тенис, кошарка, ракомет, одбојка, футсал** и други спортови кои се вклучени во натпреварите на училишниот спорт, во рамките на училишните спортски клубови може да се организираат по **принцип на самофинансирање**. Планирани се 80 спортски школи со околу 4000 нови, млади спортисти.

8. **Да се вработи едно стручно лице** во Федерацијата на училишен спорт на Македонија, одговорно за училишните спортски лиги и дел од проектите (март). Потребни се средства од 360.000 денари.

9. **Формирање на судиска организација** за сите спортови во училишниот спорт во рамките на Федерацијата на училишен спорт на Македонија. Организирање на обука на судиски подмладок во сите актуелни спортови со ученици средношколци, студенти, професори по физичко образование и други (100 нови судии) во соработка со другите Национални спортски федерации. Планирани средства 200.000 денари.

10. **Да се организира светско или европско првенство под покровителство на Меѓународната федерација на училишен спорт.** Да се обезбеди финансиска подршка на спортски екипи за меѓународни првенства до 50 % од ФУСМ. **Да се подржат проектите за мултидисциплинарно научно истражување во училишниот спорт со посебен акцент на проекти за борба против девијантно однесување.** Да се одржи семинар за стучно усовршување и менаџмент во училишниот спорт во втора половина на месец август. **Да се подржи организирање на младински спортски игри во летниот период со посебна медиумска презентација во нашата држава и учество на маѓународно регионално ниво.** Планирани средства 2.000.000 денари.

11. Министерството за образование и наука со Бирото за развој на образованието, Агенцијата за млади и спорт, Факултетот за физичко образование, спорт и здравје и Федерацијата на училишен спорт на Македонија да подготват **информациски систем за следење на физичкиот развој,**

моторичките и функционалните способности на учениците. Планирани се средства од 2 милиони денари.

Со реализација на предвидените проекти за оваа година, се очекува ангажирање на околу 150 невработени стручни лица и активирање на околу 7500 нови, млади спортисти. Со мерките од Министерството за образование и наука со Бирото за развој на образование за задолжително учество на сите основни и средни училишта на општинските натпревари се очекува вкупната бројка на ученици активно вклучени во училишниот спорт да достигне околу 80000.

Овие покрупни стратешки определби за развој на училишниот спорт, а со тоа и на спортот во целина се од суштинско значење за отворање на нови хоризонти во севкупниот општествен развој на Република Македонија.

РЕКАПИТУЛАР НА ФИНАНСИСКИТЕ ИМПЛИКАЦИИ

- **За 2020 година од АМС по сите ставки предвидени се вкупно 25.360.000 денари, а од МОН 8.000.000 денари. Вкупно 33.360.000 денари.**

- **За 2021 година од АМС по сите ставки предвидени се 30.060.000 денари, а од МОН 18.000.000 денари. Вкупно 51.060.000 денари.**

Декември, 2019

Федерација на училишен спорт на Македонија
Претседател,

Александар Туфекчиевски